РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-136/1
09.01.2018 год
КОЧАНИ

ТРГОВЕЦ - ПОЕДИНЕЦ
Ефтимчо Кирчо Атанасовски ТП
Бр. 01/18
03.01.2018 год
КОЧАНИ

# Д о г о в о р
за јавна набавка на услуги

Склучен на ден 09.01.2018 година, помеѓу:

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул. „ Раде Кратовче " бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата )**
и

2. ***ТП „ Ефтимчо Кирчо Атанасовски " Кочани***, со седиште на ул. „ Маршал Тито" бр.87 Кочани, со ЕДБ: 5013003105825 и ЕМБС: 5799686, застапувано од Управителот Ефтимчо Атанасовски (во натамошниот текст: **Давател на услугата)**

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуги е:

***Набавка на услуга за организација на зимување на СРЦ Пониква***

Предметот на договорот за јавната набавка од став 1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга, согласно чл.17 ст.1 алинеја 2 и став 3 од Законот за јавните набавки, по Оглас бр.05-2210/4/2017 објавен на ЕСЈН, во дел Други огласи, категорија на услуги бр.17 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр.05-2210/2 од 14.12.2017 год.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот за јавна набавка , за која Давателот на услугата се обврзува да ја изврши услугата опишана во чл.1 од овој Договор, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува **89.680,00 ден.**

Давателот на услугата не е ДДВ обврзник.

Корекција на цената на услугата за предметот на договорот за јавна набавка не е дозволена и истата ќе остане фиксна за целото времетраење на договорот.

**Извор на средства и начин на плаќање**

**Член 3**

Средствата за реализација на Договорот за јавна набавка, се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 год., Програма G10-ставка 420.

Плаќањето за реализација на зимувањето ќе се врши на следниот начин:
Целосна исплата на договорената вредност со Давателот на услугата, по реализација на сите предвидени активности согласно техничката спецификација и доставување на фактура.

Корисникот на услугата на Давателот на услугата ќе му ја исплати фактурирана вредност, најдоцна во рок од 60 ( шеесет ) дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Корисникот на услугата.

**Начин и рок на извршување на услугата**

**Член 4**

Давателот на услугата е должен услугата да ја изврши во согласност со описот и целите во техничката спецификација, како и понудата од Давателот на услугите, дадени во прилог на овој Договор.

Давателот на услугата е должен услугата да ја изврши на начин и место како во доставената потврда за резервација во сместувачкиот капацитет на Министерството за внатрешни работи на РМ - **објект Поникава**, расположив во ***СРЦ Поникава*** на Осоговските Планини.

***Рок за извршување на услугата:***
- пристигнување на ден 11.01.2018 год.
- заминување на ден 18.01. 2018 год.

***Број на гости*** : 11 (единаесет), од кои: 3 (три) возрасни лица и 8 (осум) ученици,
***Број на соби, на база комплет пансион:***
1 еднокреветна соба за 1 (еден) возрасен
1 двокреветна соба за 2 (двајца) возрасни и
3 соби за сместување на 8 (осум) ученици

***Ноќевања***: 7 (седум)

**Права и обврски на договорните страни**

**Член 5**

Давателот на услугата е обврзан да се грижи за реализацијата на услугата, согласно барањата во техничката спецификација, со внимание на добар организатор, и да се грижи за интересите на учесниците (гостите) и давање на потребни информации на учесниците (гостите) во врска со престојниот одмор.

Давателот на услугата е должен да му ги овозможи на Корисникот на услугата ( гостите ) сите услуги наведени во техничката спецификација, и одговара за евентуално неизвршување на услугите или дел од услугите.

Давателот на услугата се исклучува од секаква одговорност во случај на промени и неизвршување на услуги предизвикани од дејство на виша сила.

Давателот на услугата, при организација на патувањето не прифаќа никаква одговорност доколку некоја надлежна институција не одобри влез на одреден учесник (гостин), ниту за било кои други последици кои проилегуваат поради евентуалната неисправност или губење на патните документи на учесникот (гостинот).

Учесникот(гостинот) е обврзан за неговите документи и предмети, парични средства и личен багаж да се грижи, тој лично, во смисла дали ги исполнува условите предвидени со граничните, царинските, здравствените и другите прописи на својата земја како и на РМ, да се придржува кон куќниот ред во сместувачкиот капацитет, како и да соработува со претставникот на Корисникот на услугата кој ќе се грижи за организациските и логистички аспекти.

**Член 6**

Корисникот на услугата на Давателот на услугата ќе му обезбеди логистичка подршка и тоа:

- Постојана комуникација и координација за поддршка во организацијата;
- Организација на логистиката, сместување и храна;
- Поддршка при приемот и регистрација на учесниците (гостите) и давање на потребни информации на учесниците (гостите) во врска со престојниот одмор;
- Подготовка/дизајн на промотивни материјали и распределба на промотивните материјали меѓу учесниците (гостите);
- Фотодокументирање на настанот за целото времетраење;
- обезбедување на придружба, која ќе се грижи за организациските и логистички аспекти за безбедно пристигнување од Кочани до СРЦ Пониква, и враќање назад до Кочани, на гостите од Р Хрватска;

и сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации, со кои располага за несметано вршење на услугата.

**Договорна казна**

**Член 7**

Давателот на услугата ќе му плати на Корисникот на услугата определен паричен износ (договорна казна), ако:
- не ја исполни својата обврска или
-задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни.

Во случај на доцнење со извршување на услугите предмет на Договорот, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 10 % (проценти) од вкупната вредност на овој Договор за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 30 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка. Договорната казна се пресметува додека Давателот на услугата не ги изврши услугите, односно обврските предмет на Договорот.

Кога Давателот на услугата доцни со исполнување на предметот на Договорот, потребно е Корисникот на услугата веднаш по приемот на исполнувањето на обврските да му врачи на Давателот на услугата писмено известување дека Корисникот на услугата го задржува правото на договорна казна.

Корисникот на услугата не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Давателот на услугата дека го задржува своето право на договорна казна.

Договорната казна изнесува 50 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, во случај на неисполнување на обврската на Давателот на услугата.

Во случај на неисполнување на обврската, Корисникот на услугата може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Корисникот на услугата го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со исполнувањето на обврската или неуредното исполнување, може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Корисникот на услугата има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Корисникот на услугата е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**Времетраење на важноста на Договорот**

**Член 8**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, односно сите активности преземени за реализација на зимувањето и исполнување на целта на соработката со град Крижевци од Р.Хрватска.

**Завршни одредби**

**Член 9**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 11**

Давателот на услугата и Корисникот на услугата треба да ги чуваат како доверливи сите информации кои произлегуваат од делокругот на работење на другата страна, а за кои и двете страни ќе дознаат преку деловната соработка, а кои информации не се јавно достапни. Таквите информации нема да се користат од страна на трети лица.

**Член 12**

Договорните страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на услуги.

**Член 13**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 14**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 ( шест ) еднакви примероци, од кои 4 ( четири ) примерока за Корисникот на услугата, а 2 (два) примерока за Давателот на услугата, и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ***за Давателот на услугата*** | ***за Корисникот на услугата*** |
| ***ТП „ Ефтимчо Кирчо Атанасовски " Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник*** |
| ***( Ефтимчо Атанасовски )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Прилог на Договорот:

- техничка спецификација - копија
- Понудата на давателот на услугата - копија

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапка за јавни набавки - Силвана Благонова*

*Контролирал: Раководител на Сектор за развој- Елена Димитровска*

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

***Набавка на услуга за организација на зимување на СРЦ Пониква***

**Опис**

Врз основа на соработката со град Крижевци од Р.Хрватска во делот на образованието се организира зимување и летување на ученици од основните и средни училишта во двете општини во различни периоди во годината.

Имено, Општина Кочани и град Крижевци веќе трета година организираат летување и зимување на ученици првенци на генерациите од овие две општини. На учениците првенци на генерацијата од нашата општина во летниот период им се организира летување во детското одмаралиште на град Крижевци во остров Паг, Р.Хрватска на сметка на град Крижевци, додека Општина Кочани во зимскиот период организира зимување во Спортско Рекреативниот Центар Пониква во Кочани на учениците од град Крижевци.

Целта на оваа соработка освен за размена на знаења и запознавање помеѓу себе со традициите и културите помеѓу учениците е и промоција на Спортско Рекреативниот Центар Пониква да прерасне во зимски центар во Источниот дел од нашата држава, а секако и за зголемување на посетителите од соседните држави. Со ова правиме промоција за можностите што ги нуди општина Кочани за искористување на природните потенцијали што ги нуди општината за развој на туризмот.

Согласно горенаведеното, општина Кочани има потреба од спроведување јавна набавка за сместување на ученици од град Крижевци на **Спортско рекреативниот центар Пониква на Осоговските планини** за 7 ноќевања за период на пристигнување од 11.01.2018 и заминување на 18.01 2018 година, за вкупно 11 лица, со вклучен полн пансион.
Потребно е да се обезбеди сместување на 3 (три) возрасни лица и 8 (осум) ученици.
Сместувањето е потребно да биде во 1 соба за еден возрасен, 1 двокреветна соба за 2 возрасни и 3 соби за сместување на 8 ученици.
Превозот е во сопствена организација на гостите и не е предмет на конкретната јавна набавка.

Дата: пристигнување на ден 11.01.2018 година и заминување на ден 18.01 2018 година
Број на гости : 3 (три) возрасни лица и 8 (осум) ученици
Услуга: сместување на база полн пансион

**Логистичка поддршка од Општина Кочани**

- Постојана комуникација и координација со општината за поддршка во организацијата;
- Организација на логистиката, сместување и храна;
- Поддршка при приемот и регистрација на учесниците и давање на потребни информации на учесниците во врска со престојниот одмор;
- Подготовка/дизајн на промотивни материјали и распределба на промотивните материјали меѓу учесниците;
- Фотодокументирање на настанот за целото времетраење;
- обезбедување на придружба, која ќе се грижи за организациските и логистички аспекти за безбедно пристигнување од Кочани до СРЦ Пониква, и враќање назад, на гостите од Р Хрватска;

Спецификатор,
Ристо Николовски

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

До: Општина Кочани

рег. бр. 18.2.2- 87593/1

Скопје 19,12,2017
19. 12. 2017

ООЗР

СРОН

Ул. „Димче Мирчев" бр. 9 Скопје

Тел. (02) 3142 124
Факс: (02) 3142 824

www.mvr.gov.mk

Предмет: Потврда за резервација ,доставува

Почитувани

Министерството за внатрешни работи на Р.М – Објект Пониква во врска со вашиот оглас објевен од Општина Кочани за набавка на услуга за организација на зимување во Пониква , Ви потврдуваме дека е извршена резервација и тоа:

1, 1 соба за еден возрасен ,комплет пансион

2,1 двокреветна соба за 2 возрасни,комплет пансион

3, 3 соби за сместување на 8 ученици ,комплет пансион

Извршената резервација важи за периодот од 11,01,2018 година до 18,01,2018 година.

Актот ви го доставуваме на ваше запознавање и понатамошно решавање

Со почит

„Верно на оригинал"

Началник
Влатко Ѓошевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ